РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-2477/1
20-07-2026 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на членот 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), членот 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 35-та седница, одржана на ден 16.07.2026 година ја донесе следната:

## ОДЛУКА

Пријавата заведена под број 12-2497/1 од 16.09.2025 година, со наводи за сомневање за незаконитости во работењето на ------- ---------------- -----------, менувачница со седиште на Аеродромот --------------- ------------, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај.

Пријавата да се достави на надлежно постапување на Народна Банка на Република Северна Македонија.

Предметот со број 12-2497/1 од 16.09.2025 година да се архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Од страна на познат подносител, на ден 16.09.2025 година, до Државната комисија за спречување на корупцијата е поднесена пријава, во која се содржани наводи за сомневање за незаконитости во работењето на менувачницата ------- ---------------- -----------, со локација на Аеродромот --------------- ------------, по која е оформен предмет број 12-2497/1 од 16.09.2025 година.
Подносителот наведува дека предметната менувачница била единствена која што врз основа на добиена дозвола од НБРМ на РСМ легално поставувала

курсеви за поставување на големи разлики на средниот девизен курс во однос на денарот и на тој начин користејќи ја неинформираноста на клиентите, претежно странски клиенти, успевала да се збогати на штета на потрошувачите.

Се наведува дека со ваквите дејствија се кршеле подзаконските акти на Народната Банка од причина што менувачницата не смеела да поставува други услови за поставување разлики на средниот девизен курс во однос на денарот што би значело злоупотреба или доведување во заблуда на клиентот.

По разгледување на содржината на пријавата, ДКСК оцени дека нема елементи за надлежно постапување согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интересите, а пријавата ќе ја достави на надлежно постапување на Народната Банка на РСМ. Имено, согласно член 7 став 10 од Законот за Народната Банка на РСМ, надзор над примената на овој закон, прописите со кои се уредува девизното работење, менувачкото работење, системите за спречување на перење на пари и заштита на потрошувачите, врши Народната Банка на РСМ.

Со оглед наведеното ДКСК оцени дека нема елементи за надлежно постапување, и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател,**

**Адем Чучуљ**

Изготвил: П.Б.,советник
Контролирал:Ј.Ц.,Раководител на одделение
Согласен: м-р И.П. Раководител на сектор
Одобрил: Б.К.Ш., Член на ДКСК
Доставено до
-подносителот на пријавата